FrontmanFIND

spica

# Решение за попис на основни средства

# Frontman FIND



Секоја година компаниите и организациите спроведуваат годишен попис на основни средства. Пописот спроведен со помош на хартиени списоци е долготраен процес. Покрај тоа, пописот често пати е дополнителна работа за вработените, што резултира со доста грешки заради временското ограничување. Сметководителите предупредуваат дека се појавуваат непотребни вишоци или кусоци токму заради недоследностите на попишувачите, кои сакајќи пописот брзо да го спроведат, намерно или ненамерно запишуваат погрешни податоци.

Многу често се случува, лицата кои се одговорни за опремата, да бидат единствени кои знаат каде што се наоѓа, што дополнително го отежнува одвивањето на пописот. Во текот на годината се случуваат многубројни преместувања на опремата, што ја наметнува потребата сите овие промени да се евидентираат најдоцна до крајот на истата. Сето ова вообичаено не се регулира со електронски процеси, туку по телефон или со локални excel табели, што се одразува на временско одложување на евиденцијата на промените и многубројни грешки во централната евиденција.

Соработуваме со голем број понудувачи на сметководствена програмска опрема:

- SAP, Navision,
- Grad, SAOP,
- MAOP, Vasco,
- OPAL, Perftech,
- Cadis, Probit,
- Edico, Finesa,
- Kopa, RCL, Datalab ...

## Клучно решение за Вашите потреби

Решението на Špica - Frontman FIND е брзо, точно и едноставно за употреба. Се стремиме кон целта, пописот да се заврши за минимално време и вработените да можат што побрзо да се вратат на своите редовни задачи. Frontman FIND се заснова на модерна платформа која овозможува флексибилност и поддршка за новите технологии, како што е употребата на паметните телефони за следење на дневните движења на основните средства, размена на податоци преку различни медиуми, итн.



## Модерна платформа

**Frontman FIND** има web-базирана апликација до која се пристапува преку web пребарувач и која ги поврзува компонентите на системот согласно избраната конфигурација. Наменет е за систем администратори и за сметководство, кои имаат потреба од контрола и управување. Може да се инсталира на персонален компјутер, на серверска инфраструктура на компанијата или во облак. Функционира во согласност со правилата и регулативата во областа на сметководството. Се грижи за правилноста и достапноста на сите податоци. Frontman FIND едноставно се поврзува со деловниот информациски систем на компанијата и со мобилните уреди на попишувачите. Овозможува пренос на податоците преку USB, WiFi, 3G/LTE и Ethernet. Овозможува нагодување на системот (влезни и излезни податоци, структура на базата), уредување на кориснички профили и нивни правила. Обезбедува преглед на историјата на пописот на ниво на поединечно основно средство, на тој начин овозможувајќи подобра следливост. Недостапните основни средства можат рачно да се попишат во web-базираната апликација. Води евиденција на сите слики кои попишувачите ги направиле со мобилниот уред за основните средства кои се предложени за отпис. На располагање е динамичен систем за извештаи со сите стандардни исписи, кои можат да се извезат во excel. Обезбедени се моментни резултати од пописот кои овозможуваат уредување на податоците во реално време.

## Моќна мобилна апликација

**Frontman FIND** содржи мобилна апликација за Android мобилни уреди. Нејзината главна улога е брз и точен попис на основни средства со помош на баркод. Покрај тоа, збогатена е со функционалности, како што се предлозите за отпис на основните средства, преместување на основните средства помеѓу локации, промени кај задолжените лица, следење по сериски броеви и по трошковни места. Секој попишувач се пријавува со корисничко име и лозинка, давајќи му можност на сметководството преглед на попишувачите и можност за полесна координација со нив. Секоја промена носи точно време и датум кога е направена, за моментална или за подоцнежна анализа на пописот. На мобилниот уред, на располагање на корисникот му е преглед на моментниот статус на пописот, како на пример попишани, непопишани, отпишани, преместени основни средства и многу повеќе. Основното средство може да се попише на три начини: преку скенирање на баркодот, рачен внес на кодот, како и избор на основното средство од списокот на моментната локација. За напредните корисници постои проширување на функционалностите преку фотографирање на основното средство за различни ситуации, најчесто се употребува при предлог за отпис, како дополнителен доказ и за подоцнежно расходување.










## Значајна корисничка поддршка

**Корисничката поддршка** е услуга за корисниците на системот Frontman FIND, со која се намалува веројатноста за проблеми и застои во текот на главниот попис. Наша цел е корисниците да го започнат пописот без отпор и со сето знаење кое им е потребно за ефикасен попис. Поддршката за системот овозможува брз одговор и посветеност на вашите прашања кога ви е најпотребно - во време на подготовка на пописот и во текот на самиот процес на попис на основни средства. Истовремено, ви нудиме бесплатна надградба на системот на најнова верзија, со цел вашиот систем да остане »во чекор со времето«.



## Наменски мобилен терминал или паметен телефон?

За пописи со поголем обем на основни средства најсоодветни се робусните рачни терминали со вграден баркод читач. Големиот и контрастен колор екран овозможува брз преглед на напредокот на пописот, прирачната тастатура дозволува рачен внес на код во случај кога баркодот е оштетен и не може да се прочита. На располагање се повеќе модели, екипата на Špica може да ви помогне да направите правилен избор согласно вашите потреби.

Frontman FIND поддржува истотака и **попис со паметен телефон**. За таа цел имаме развиена посебна апликација која се инсталира на паметен Android телефон и преку камерата се отчитуваат баркодовите. Ова решение е соодветно за следење на движењето на основните средства во текот на годината или за попис во помалите компании.



## Функционалности

- **Попис на основни средства** по локации, трошковни места, задолжени лица, серискi броеви.
- Внес на **предлог за отпис** со коментари и приложување слики
- Двонасочна синхронизација на податоци за **работа на повеќе комисии истовремено**
- Складирање податоци за повеќе од 300.000 основни средства.
- **Преместувања** по локации, по трошковни места и **промена на** задолжени лица.
- **Додавање** нови, **преименување и пренумерирање** на постојните основни средства и локации.
- **Рачен внес** на код или избор на основното средство од **списокот** на моментната локација**.**
- **Нагодување на кориснички профил,** јачина на звук на терминалот и осветленост на екранот.
- **Евидентирање** на селења и преместувања **во текот на годината.**
- **Евидентирање на време и час** за попис на секое основно средство.
- **Воспоставена интеграција** со поголем број деловни информациски системи.
- **Едноставни извештаи со испис во** excel и многу стандардни прегледи.
- Прилагодување на постојната ситуација во компанијата.

## Бенефиции

- При крајот на годината во евиденцијата побрзо ќе има правилни податоци.
- Со извршување на двонасочната синхронизација на податоците сите попишувачи имаат исти податоци.
- Заради големиот број податоци функционирањето на системот не забавува.
- Попишувачите брзо го учат користењето на системот.
- Сите функционалности кои се користат при пописот се на располагање.
- Ефикасен процес на попис со безжичен пренос на податоци.
- Богат избор на прегледи корисни за сметководствениот сектор
- Нема препишување на податоците, тие се пренесуваат електронски во сметководствениот програм
- Помалите пописи и преместувањата на основните средства во текот на годината можат да се реализираат со паметен телефон.

ПРЕДНОСТИ:

- Намалување на грешките
- Побрз попис
- Паметен извоз
- Специјалисти за означување
- Едноставна употреба
- Иновативни функционалности

## Референци

Špica има повеќе од 25 години искуство на полето на оптимизацијата на пописот на основни средства. Решението Frontman FIND е инсталирано во повеќе од 500 компании, банки, организации и установи со различна големина во целиот Адриатик регион. Големиот број корисници на системот е потврда за неговата флексибилност.

Наведуваме само неколку конкретни изјави на корисници:

*»Системот го користиме повеќе од 10 години. Со неговата функционалност и поддршката од Špica сме многу задоволни, тоа ни овозможува брз и точен попис. Пред извесно време, системот го проширивме и надградивме.«,*

Раководител на пописна комисија, **Mestna občina Celje**

*»Попишувавме со неколку комисии истовремено, и пописот го реализиравме во сите работни единици во ист временски период. На тој начин добивавме податоци од сите локации што овозможи поголема точност на пописот и подобро управување со преместувањата на основните средства.«,*

Раководител на попис, **Elektro Ljubljana**

*»Со системот за попис на основни средства на Špica сме навистина многу задоволни. Неговата употреба сега ја прошируваме и во нашите фирми ќерки.«,*

Раководител на развој на деловна информатика, **Avtotehna**

За баркодот и неговата примена во системите за попис на основни средства контактирајте не на тел. бр. +389 2 2401 750 или на email: info@spica.com.mk.


Špica International d.o.o.
Pot k sejmišču 33
SI - 1231 Ljubljana
Slovenija
t. +386 1 568 08 00
info@spica.si
www.spica.si
www.spica.com

Špica Sustavi d.o.o.
R. Cimermana 64A
10000 Zagreb
Hrvatska
t. +385 1 6593 730
info@spica.hr
www.spica.hr

Špica Centar d.o.o.
Bulevar M. Pupina 165v
11070 Novi Beograd
Srbija
t. +381 11 222 50 70
info.rs@spica.com
www.spica.rs

Špica Systems d.o.o.
Pijačna 6
71210 Sarajevo
Bosna i Hercegovina
t. +387 33 765 286
info@spica.ba
www.spica.ba

Шпица Системи д.о.о.
III Македонска бригада 48
1000 Скопје
Македонија
т. +389 2 2401 750
info@spica.com.mk
www.spica.com.mk